ПАТРИМОНИУМ.МК, година 16, број 21 / 2023
УДК: 903/904:930.85(497.711)(049.3)




Викторија СОКОЛОВСКА
Wollongong, Australia

# "СКОПЈЕ ОСУМ МИЛЕНИУМИ ЖИВОТ, КУЛТУРА И ТВОРЕШТВО"

**Клучни зборови:** *Агријани, Агријанија, Сарноа, Пелагија, Дапарија, Никарх, Симон, Диплај.*

**Апстракт:** *Во 2020 г излезена е од печат Монографија Скопје Осум милениуми живот, култура и творештво. Публикацијата е објавена во издание на Филозофскиот Факултет во Скопје, главен уредник Проф. Ратко Дуев, со уводен текст на Елизабета Димитрова. Автори на текстовите, според хронолошки редослед се Драги Митревски, Виктор Лилчиќ Адамсен, Елица Манева и Елизабета Димитрова. Регионот на градот Скопје е дел од географски простор кој некогаш претставувал предмет на мои истражувања, поради што би сакала да го изнесам својот впечаток за монографијата на овој начин и на ова место. При тоа ќе се осврнам само на поглавјата кои се однесуваат на времето на антиката.*

Монографијата Скопје 8 милениуми е публикација од преку 600 страни текст. Текстовите се проследени со солидни колор фотографии на локалитетите и археолошките наоди – керамика, метални предмети, монети и др. По обемните студии на И. Микулчиќ за античките и средновековните градови во Македонија[1], оваа публикација се јавува со нови информации и поединости од теренските истражувања превземани претежно од страна на В. Лилчиќ Адамсен. Илустративниот материјал претставува едно визуелно освежување на просторот каде во далечното минато се одвивал живот на луѓето кои го населувале. На тој начин создадена е една солидна претстава за

[1] Микулчиќ И. *Средновековни градови во Македонија*, Скопје 1996; Истиот. *Антички градови во Македонија*, Скопје 1999.

настаните и местото на скопскиот регион во историските збиднувања во антиката. При тоа, треба да се нагласи, карактерот на откриениот археолошки материјал, особено монетните наоди, кои навестуваат бурни настани што се случувале во регионот, посебно во хеленистичко време, што, на истражувачите им претставува предизвик за натамошни истражувања. Новите техники денес позволуваат монографијата да достигне широк публицитет. Со оглед на тоа што долго време имам посветено на овој регион и при тоа дојдено до сериозни констатации, кои во голема мера го осликуваат историскиот тек на регионот и етно - културните појави кои го следат, би сакала да ги нагласам моите видувања и заклучоци, а кои се пропуштени да се наведат во монографијата.

Една вака замислена монографија посветена на регион со значајно историско и културно минато би требало да содржи целокупна библиографија, па, поаѓајќи од тој факт сакам да ги приложам моите библиографски единици кои се однесуваат на регионот на Скопје а кои се пропуштени да се наведат во монографијата. При тоа, ќе настојувам да го нагласам мојот личен придонес кој се јавува како резултат на моите истражувања на скопската регија во тек на подолг временски период. Се работи за капитални моменти од историското минато на регионот кои треба да се запаметат и останат како такви за идните истражувачи. Регионот на Скопје од многу одамна е сметан како дардански простор. Предложена е и негова трибалска припадност. Проучувањата коиуследија подоцна наполно ги отфрлија овие мислења. Овие суштествени моменти би требало да најдат свое место во едно капитално дело какво е Скопје осум милениуми, поради тоа ја прилагам мојата библиографија каде се третирани овие проблеми.

Моја библиографија која се однесува на регионот на Скопје.

**Еден гроб од Жданец**, Зборник на Археолошки музеј, кн. VI-VII, Скопје 1975, 231-245. (Р. Пашиќ). Наодите од ова погребување покажаа дека се работи за член на угледно семејство кое одржавало врски со јужните хеленски простори.

**Пајонското племе Агријани и врските со Дамастион**, Maced. Acta Archaeol, 11, Скопје1990, 9-34. Истиот труд објавен е во Макропроект Историја на културата на Македонија, Археолошки откритија на почвата на Македонијам кн. 18, Скопје 2008, 269-300. Во наведениот труд дефинирана е територијата населена со Агријаните, нагласена е нивната материјална култура. Градовите Пелагија, Сарноа и Дапарија определени се како агријански градови, предложена е нивната локација. Имајки го предвид фактот дека тие ковале свои монети во ковницата на Дамастион, стоев на становиште дека се наоѓале во негова близина, па за Сарноа предложено е Градиште Бразда кај Скопје, за Пелагија Тетово и за Дапарија Кале - Кршевица кај Врање. Сите предлози произлезени се од сестрано проучување на локалитетите базирани врз постоечки аргументи.[2] Никарх, Симон и Диплај дефинирани се како агријански владетели. Во античките извори тие не се спомнати, за нив дознаваме само преку нивните монети откриени на територијата на Агријаните.[3] Овие факти ги обелоденија Агријаните како бројно племе, нивната територија која ја населувале во текот на долг временски период од 7-6 век до Аудолеон, (315 г,) кога нивната територија е приклучена кон Пајонија. Сите информации за нив содржани во изворите - блиските односи на Лангар со Филип II и Александар III и нивното учество во Александровиот поход на Исток добиваат соодветна потврда.[4] А, што се однесува до дарданските дули, спомнати од Агатархид од Книдос, тоа е моја констатација. Имено, дека се работи за покорено агријанско население. Лично моја констатација е и таа дека средновековните Агарени кои на Виргино Брдо во Скопје го опустошиле манастирот Св, Георги Горгос се остаток од античките Агријани. Види заб. 57а во овој труд.

**Die materielle Kultur der Agrianer in der Fruhen Antike**, Balkanica 23, Belgrade 1992, 407-420. Во овој труд ги покажав најсуштествените белези на материјалната култура на Агријаните со нагласок на објектите во Бразда и Перник, како и монетите на агријанските градови Пелагија, Сарноа и Дапарија и агријанските владетели Никарх, Симон и Диплај.

**The Coinage of Agrianes**, Македонски Нумизматички Гласник бр. 2, Скопје 1996, 13-22. Во наведениот труд имам изнесено предлог, во нумизматичката литература да се оформи поглавје: "Монетоковање на Агријаните."

**Дарданци у предримско доба**, Новопазарски Зборник 27/2003, Нови Пазар, 27- 48. Во овој труд

---

[2] За локација на градовите види чланак Пајонското племе Агријани ...

[3] Информацијата која Д. Митревски ја дава (Скопје 8 милениуми, стр. 100, заб, 101) дека античките извори Симон и Никарх и Диплај ги посочуваат како агријански владетели е потполно произволна. Тоа е лично моја констратација. До сега, колку ми е мене познато, овој мој заклучок го цитира само Ефтимија Павловска во Монетите на Пајонија од Нумизматичката збирка на НБРМ, Скопје 2008, 18, заб. 46.; Види мој чланак Монетоковање на Агријаните.

[4] Сите информации од изворите цитирани се во овој труд.

се обидов да покажам дека Дарданците во железно време и раната антика ја населувале Метохија и дека значително подоцна, се прошириле кон Косово Поле и скопскиот регион.

**Дарданците во предримско време**, ЗБОРНИК АРХЕОЛОГИЈА 2, Музеј на Македонија, 2005, 133-147.

**Нови наоди на македонско-пајонски бронзи**, Maced acta archaeol. Скопје 2005, 65-87. (Со Ц. Крстевски) Објавени се бронзени предмети откриени од страна на диви копачи на Градиште – Бучинци. На овој, par exelance локалитет,, превземени се подоцна ископувања изведедувани од страна на Страхил Темов.

**За некои карактеристики на материјалната култура на Агријаните**, Maced. Acta archaeol. Бр. 20, Скопје 2011, 215-228. Во овој труд нагласени се сите појави во културното живеење на агријанскиот простор, почнувајки со типот на населбите, локално творештво, импорт. Во овој труд од технички причини, изоставена е библиографијата користена во трудот и накнадно е отпечатена.

**Материјална култура Агријана**, Патримониум.мк, бр. 16, Скопје 2018, 79-102. Во овие два труда ги имам изложено и споредено археолошките наоди на теренот, кои покажаа јасна слика на единство во духовната и материјалната култура, врз која, всушност, е базирана целокупната слика за територијата населена со Аријаните во железно време и раната антика.

Viktorija SOKOLOVSKA

## SKOPJE, EIGHT MILLENNIA OF LIFE CULTURE AND CREATIVITY

*Summery*

The author gives her opinion upon mentioned monography and enclose her personal bibliography connected with the tribe of Agrianes. It appears as a result of her one investigations of this Paeonian tribe, which occupied the region of Skopje from Early Iron Age till Roman Times, preserved till Middle Ages upon the name of Agarenians.